# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 30.06.2025 год.**

**Јуни, 2025 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите сектори се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 178 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 41 .

### I.Преглед на вработени по Сектор и стручна спрема со 30.06.2025 година

**Табела 1**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 3 | 0 | 26 | 5 | 46 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 2 | 1 | 6 | 2 | 19 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 0 | 0 | 31 | 5 | 0 | 8 | 18 | 6 | 7 | 75 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 2 | 1 | 0 | 5 | 1 | 4 | 2 | 5 | 0 | 2 | 22 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **2** | **1** | **1** | **59** | **7** | **4** | **16** | **26** | **41** | **19** | **176** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2025 год. за период од 01.01 до 30.06 изнесува 45.527,00 ден. спореден со 2024 год. кој изнесува 43.672,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2025 год.за извештајниот период изнесува 30.291,00 ден.спореден со 2024 год. кој изнесува 28.581,00 ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2023 и 2024 година

Во своето работење во 2023 год. КЈП " Водовод " има постигнато финансиски резултат - загуба од **59.661.057,00** денари и во 2024 година има постигнато загуба од **54.997.782,00** денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | А.ПРИХОДИ | 228,787,443,00 | 246.063.516,00 |
| 2 | Б.РАСХОДИ | 293,091,712,00 | 301.567.471,00 |
| 3 | В.Бруто добивка/загуба | -64.304.268,00 | -55.503.955,00 |
| | -данок од добивка | 0,00 | 0,00 |
| | -непризнаени расходи за даночни цели | 4.643.211,00 | 506.173,00 |
| | -нето добивка/загуба | -59.661.057,00 | -54.997.782,00 |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во вториот квартал на 2025 година

Деловната 2025 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација“**во вториот квартал на деловната 2025 година извршена е санација на водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Изработка за на фонтани и градежно уредување на земјиштето околу фонтаните.

Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Одделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водоводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се врши континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Континурано се чисти главниот фекален колекторски систем .

Во тек е припрема на документација за проекти за реконструкција на цевководи во бунарскиот систем во ПС Грдовци, премин преку река над градски пазар за висока зона за снабдување и реконструкција за водоводната линија за с. Тркање и с. Бања.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на преработка на отпадната вода како и на производство на електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост. Ново поставената фотонапонска централа во ПСОВ Мојанци со капацитет од 560 kW пуштена е во пробна работа.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење. За новата фотонапонска централа од 210 kW поставена на кровот на Фабриката за вода се чека добивање на лиценца за работа.

Во Секторот ,,**Комунална хигиена’’** во Периодот од 01.04-30.06.2025 год. реализирано е следното:

Се постапуваше по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота.

Изготвени се и доставени 3 времени ситуации за спроведување на програмата за јавна чистота.

Се вршеше расчистување на диви депонии на разни локации во градот и околината.

Браварското оделение изврши повеќе браварски работи за потребите на сектор Водовод и канализација на бунарскиот систем во Грдовци.

Постојано се вршат поправки на оштетените контејнери.

Дел од контејнерите од 1,1 $m^3$ се заменети со нови.

Собирањето на отпад од домаќинствата и стопанските субјекти се извршува без застои спрема планираната динамика.

Постојано се вршат редовни сервиси и поправки на целокупната механизација на КЈП„Водовод“ Кочани.

Распишани се јавни набавки и склучени договори за набавки важни за функционирањето на секторот, согласно со планот за јавни набавки.

**Секторот ,,Градско зелнило и православни гробишта''** во вториот квартал  во периодот од 01.04.2025год. до 30.06.2025година имаше поголема активност со своите вработени комплетно се грижеше за реализација на се она што го бараше комуналниот ред во смисла на целта за која е организиран Секторот,,Градско зеленило и православни гробишта,, во периодот од 01.04.2025 – 30.04.2025 ги извршуваше следниве позначајни активности:

-Вршевме постојано одржување на поставените  системи за наводнување на Кружните текови во ,,Општина Кочани ,, како и навремено косење на истите.

-Навремено се вршеше косење на Парковските површини (,,Парк на Револуцијата,,.,,Стари Парк,,Детски парк ,,Хемиско,,.,,1Мај,, и др.)

- Навремено се вршеше косење и собирање на смет во Централното градско подрачје (Градската река,Градски трговски центар,бул. Теодосија Паунов,ул.,,Кеј на Револуцијата,,.,,Маршал Тито,, и др.)

- Навремено се вршеше косење исредвање на влезовите во градот (,,Штипски пат,,.,,Грдовски пат,,влезот од град Кочани кон нас.Оризари)

-Навремено се вршеше косење и собирање на улиците и скверовите (,,Кеј на Револуцијата,,.„Димитар Влахов,,.,,Страшо Ербапче,, и др.

- Навремено вршевме  косење на зелените површини предвидени од Програмата зауредување и одржување на градското зеленило на територијата на ОпштинаКочани во 2025 година. Согласно програмата за ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, за 2025 усвоена од советот на Општина Кочани навремено беа извршени сите активности предвидени со истата.Во секторот ,, Православни гробишта,, се изврши промена на постоечка канализациона мрежа и промена на чешми .

-Косење и собирање на смет околу гробните места.

**Сектор „Геотерма“** за периодот од првиот квартал април-јуни од 2025 година, функционираше и работеше согласно своите технички можности, со голема организираност и посветеност.

Во овој временски период имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 11.429$m^3$, кое споредено со истиот период од минатата 2024 година имаме намалена количина за 6,596$m^3$ односно 36,59% помалку.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 2.270$m^3$ геотермална вода или 13,08% од вкупно експлоатираната геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме намалено реинектирање за 63,18%.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП “Водовод” како концесионер, навремено е подготвен и доставен, кварталниот извештај за концесиски надоместок до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија-Сектор за геологија и рударство,а се изготвуваат и месечните статистички извештаи, кои се испраќаат до Државен завод за статистика.

Согласно правилникот за техничко водење и надзор при експлоатација на геотермална вода од геотермалниот систем “Геотерма”, се води книга за техничко водење, која се пополнува секој месец од

страна на Драги Пелтечки како лице за техничко водење и надзор на изведувањето на рударски работи при експлоатација на минерална вода-геотермална вода од геотермалниот систем “Геотерма”.

Превентивно се оддржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми. Се демонтираа репаратурни спојки на места каде што тече цевководот, и се направи припрема за заварување на истите. Според планот за периодично одржување на пумпите во експлоатационите бунари,пробно беа пуштани пумпите во ЕБ-2 и ЕБ-4.

Заради одржување на чистотата и хигиената во кругот, се косеа зелените површини и се чистеа просториите во управната зграда,машинската хала и контролната соба.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 1,02m во однос на истиот период од минатата година. Овој раст е последица на помалата експлоатација на геотермална вода во вториот квартал, во однос на изминатите години од работењето на системот „Геотерма“.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 30.06.2025 год.споредени со истиот период 2024 год. по Сектори

**ПРИХОДИ**

*Tабела 3*

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 73.061.786,65 | 80.708.694,43 | **1.10** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 11.901.146,00 | 10.079.787,00 | **0.85** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 27.400.981,55 | 29.007.356,87 | **1.06** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 4.670.189,73 | 4.657.135,01 | **1.00** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 109.314,00<br>2.680.781,79<br>972.517,00 | 109.314,00<br>2.336.349,10<br>1.127.373,00 | **0.95** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 275.288,50 | 298.813,00 | **1.09** |
| | **Вкупно** | **121.072.005,22** | **128.324.822,41** | **1.06** |

**РАСХОДИ**

**Табела 4**

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 74.929.984,44 | 79.250.559,02 | **1.06** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 9.951.238,85 | 10.892.888,06 | **1.09** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 24.601.016,56 | 21.380.525,93 | **0.87** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | 7.701.342,67 | 6.656.021,76 | **0.86** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 2.206.996,27<br>13.932.922,43<br>8.659.693,70 | 1.544.751,36<br>11,873,813,99<br>10.828.734,84 | **0.98** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 1.699.007,94 | 1.707.278,98 | **1.00** |
| | **Вкупно** | **143.682.202,86** | **144.134.573,94** | **1.00** |
| | **Остварен резултат добивка /загуба** | **-22.610.197,64** | **-15.809.751,53** | **0.70** |

Во периодот од 01.01 до 30.06.2025 год. е остварен финансиски резултат односно загуба во износ од **15.809.751,53** ден. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите бележат зголемување за 9% во однос на истиот период од 2024 год. и расходите споредени со истиот период од 2024 год. бележат незначително зголемување .

### Остварени финансиски резултати од работењето по Сектор - добивка / загуба

**Табела 5**

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | |
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | -1.868.197,79 | 1.458.135,41 | **0.78** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 1.949.907,15 | -813.101,06 | **-1.42** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | 2.799.964,99 | 7.626.830,94 | **2.72** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | -3.031.152,94 | -1.998.886,75 | **0.66** |
| 5. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | -2.097.682,27<br>-11.252.140,64<br>-7.687.176,70 | -1.435.437,36<br>-9.537.464,89<br>-9.701.361,84 | **0.98** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | -1.423.719,44 | -1.408.465,98 | **0.99** |
| | **Вкупно** | **-22.610.197,64** | **-15.809.751,53** | **0.70** |

### Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 30.06.2025 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "

**Табела 6**

| Ред. број | Сектор | 2025 год. |
|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **-10.687.366,12** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **-5.450.474,38** |
| 3. | **Сектор “Комунална Хигиена “** | **3.431.112,23** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **-3.103.023,25** |
| | **Вкупно** | **-15.809.751,53** |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.06.2025 год. со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Менаџмент", Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи" и Сектор "ИТ и развој" ќе констатираме дека Сектор " Комунална Хигиена " е со позитивен финансиски резултат, а Сектор "Геотерма " ,Сектор " Водовод и Канализација " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2025 год.**

Табела 7

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 80.708.694,43 | **62.89** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 10.079.787,00 | **7.85** |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 29.007.356,87 | **22.60** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 4.657.135,01 | **3.63** |
| 5. | Сектор "Менаџмент" | 109.314,00 | **0.09** |
| 6. | Сектор "Финансиско и комерцијално работење" | 2.336.349,10 | **1.82** |
| 7. | Сектор "Општи и правни работи" | 1,127.373,00 | **0.88** |
| 8. | Сектор "ИТ и развој " | 298.813,00 | **0.23** |
| | **Вкупно** | **128.324.822,41** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2025 год.<br>325.886.956 : 4 квартала = 81.471.739 x 2 =** | **162.943.478,00** | **78.75** |

**Структура на вкупните расходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 30.06.2025 год.**

Табела 8

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 79.250.559,02 | **54.98** |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 10.892.888,06 | **7.56** |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 21.380.525,93 | **14.83** |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 6.656.021,76 | **4.62** |
| 5. | Сектор "Менаџмент" | 1.544.751,36 | **1.07** |
| 6. | Сектор "Финансиско и комерцијално работење" | 11,873,813,99 | **8.24** |
| 7. | Сектор "Општи и правни работи" | 10.828.734,84 | **7.51** |
| 8. | Сектор "ИТ и развој " | 1.707.278,98 | **1.18** |
| | **Вкупно** | **144.134.573,94** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2025 год.<br>368.128.876 : 4 квартала =92.032.219 x 2 =** | **184.064.438,00** | **78.31** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 30.06.2025 год.**

Табела 9

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2024 год. | Износ 30.06.2025 год. | Коефициент 30.06.2024/ 30.06.2023 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **269.384.229,00** | **279.415.728,00** | **1.04** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 204.215.281,00 | 209.446.986,00 | **1.03** |
| 2 | Побарувања од дуќани | 5.957.801,00 | 5.762.853,00 | **0.97** |
| 3 | Побарувања од фирми | 59.211.247,00 | 64.205.889,00 | **1.08** |

Анализирајќи ги тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2024 год. се зголемени за 4 %, од кои кај дуќаните се намалени за 3 %, кај домаќинствата се зголемени за 3 % и кај фирмите се зголемени за 8 % .

### Тековни обврски со состојба на ден 30.06.2025 год.

Табела 10

| Ред. број | Основ | Износ 31.06.2024 год. | Износ 31.06.2025 год. | Коефициент 31.06.2025/ 31.06.2024 |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **130.088.410,00** | **188.642.890,00** | **1.45** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Обврски кои доспеват за 1 година** | **32.189.592,00** | **30.115.100,00** | |
| | **262002 - KFW банка** | 1.018.358,00 | 1.018.358,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | 2.396.069,00 | 921.577,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | 28.775.165,00 | 28.175.165,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Долгорочни обврски** | **30.919.390,00** | **28.514.036,00** | |
| | **282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата-ЕДС** | 16.660.165,00 | 0,00 | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | 368.638,00 | 0,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | 30.550.752,00 | 28.514.036,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | **193.197.392,00** | **247.272.026,00** | |

### Обврски по основ на стоки и услуги кон фирми со поголем износ на ден 30.06.2025 од.

| Ред.број | Основ | Износ |
|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **170.465.321,00** |
| 1. | ЕВН Хоме | 109.402.907,00 |
| 2. | ЕСМ Продажба | 16.759.496,00 |
| 3. | Електродистрибуција | 13.206.369,00 |
| 4. | Ваталко | 8.151.299,00 |
| 5. | Инфинит Енерџи | 7.307.389,00 |
| 6. | Винер Виена Иншуренс груп | 5.828,967,00 |
| 7. | ЦМЦ Гроуп | 4.065.985,00 |
| 8. | Авто Петрол | 2.341.540,00 |
| 9. | Водопласт | 2.337.353,00 |
| 10. | Спид | 1.064.016,00 |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.06.2025 год. ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. **Обврски по основ на стоки и услуги** споредени со истиот период од 2024 год. се зголемени за 45 % .

### Тековни залихи со состојба на ден 30.06.2025 год.

Табела 11

| Ред. број | Основ | Износ 30.06.2024 год. | Износ 30.06.2025 год. | Коефициент 30.06.2025/ 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 8.984.933,82 | 8.665.554,50 | **0.96** |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1.863.082,43 | 1.883.538,74 | **1.01** |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 905.478,64 | 461.540,52 | **0,51** |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208.216,00 | **1.00** |
| | **Вкупно** | **11.961.710,89** | **11.218.849,51** | **0.94** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот од 2024 год. бележат намалување за 6 % .

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01 до 30.06.2025 год.оствари финансиски резултат односно загуба од **15.809.751,53**денари.

| | |
|---|---|
| **Изработил** | **Директор** |
| ____________________ | ____________________ |
| | **Мирче Паунов** |